Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К

**од Сто и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12 ноември 2022 година**

**Скопје, ноември 2022 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто и првата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 12 ноември 2022 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет-комуникација започна во 10:05 часот.

Со седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Беким Сали, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, доц. д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваше и д-р Христина Оџаклиевска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање.

На седницата учествуваше и Душко Арсовски, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Извештај за завршените преговори со усогласен текст на Протоколот помеѓу Министерството за финансии-Царинска управа на Република Северна Македонија и Министерството за финансии и економија-Генерален директорат за Царина на Република Албанија за

спроведување на Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за воспоставување на заеднички гранични премини меѓу Република Албанија и Република Северна Македонија, потпишан на 10.6.2021 година во Тирана за Меѓународниот граничниот премин Ќафасан (Република Северна Македонија)-Ќафтане (Република Албанија)

2. Извештај за завршени преговори со усогласен текст на Протоколот помеѓу Министерството за финансии-Царинска управа на Република Северна Македонија и Министерството за финансии и економија-Генерален директорат за царини на Република Албанија за спроведување на Спогодбата за взаемно признавање на одобренијата за овластен економски оператор-безбедност и сигурност (ОЕОС) помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија

3. Извештај за завршените преговори за усогласениот текст на Меморандумот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија, со усогласен текст на Меморандум

4. Извештај за завршените преговори за усогласениот текст на Спогодбата помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за делегирање на услуги во воздушниот сообраќај на дел на воздушниот простор над Охридското Езеро, со усогласен текст на Спогодба

5. Извештај за завршените преговори за склучување на нова Спогодба помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за меѓународен воден транспорт во Охридското Езеро, со усогласен текст на Спогодба

6. Информација за потпишување на усогласените Меморандум за разбирање меѓу Министерството за надворешни работи на Република Северна Македонија и Министерството за Европа и надворешни работи на Република Албанија за соработка во областа на дигитализацијата на конзуларните услуги и Меморандум за разбирање помеѓу Министерството за надворешни работи на Република Северна Македонија и Министерство за Европа и надворешни работи на Република Албанија за соработка во областа на дипломатска обука

7. Извештај за извршените преговори со усогласен текст на Договор меѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за формирање заеднички работни тимови во областа на безбедноста

8. Извештај за завршените преговори за склучување на Меморандум за разбирање помеѓу Министерството за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија и Министерството за инфраструктура и енергетика на Република Албанија во областа на дигитализацијата, со усогласен текст на Меморандум

9. Извештај за завршените преговори за склучување Меморандум за соработка за прашања поврзани со интеграцијата во Европска Унија помеѓу Заменик-претседателот на Владата, задолжен за европски прашања и Главен преговарач на Република Северна Македонија и Државниот министер и Главен преговарач на Владата на Република Албанија, со усогласен текст на Меморандум

10. Информација за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради учество на обука во блиска воздушна поддршка со

воздухоплови на вооружените сили на Соединетите Американски Држави на Армискиот полигон „Криволак“, со Предлог-одлука

11. Предлог-одлука за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „ Torrejon advantage 2022-2“, во Кралството Шпанија

12. Извештај за завршените билатерални преговори за склучување на Меморандум за соработка помеѓу Министерството за труд и социјална политика на Република Северна Македонија и Министерството за здравство и социјална заштита на Република Албанија за политиките на социјалната заштита и заштитата на децата

13. Информација за усогласување на Договорот за соработка во областа на здравството помеѓу Министерството за здравство на Република Северна Македонија и Министерството за здравство и социјална заштита на Република Албанија, со усогласен текст на Договор

14. Извештај за завршените преговори и за потпишување на Меморандум за соработка меѓу Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија и Министерството за образование и спорт на Република Албанија за употреба на албанскиот стандарден јазик во Република Северна Македонија и во Република Албанија и Меморандум за соработка меѓу Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија и Министерството за образование и спорт на Република Албанија за примена на албанскиот знаковен јазик во Република Северна Македонија и во Република Албанија, со усогласени текстови на меморандуми

15. Извештај за завршените преговори и за потпишување на Програма за соработка меѓу Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија и Министерството за образование и спорт на Република Албанија во областа на образованието и научните истражувања за периодот 2023-2026 година, со усогласен текст на Програма

16. Кадровски прашања

17. Прашања и предлози

18. Информација за влошената финансиска состојба на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост-Скопје и барање помош за излез од истата, со дополнувања

*

*          *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа Извештајот за завршените преговори со усогласен текст на Протоколот помеѓу Министерството за финансии-Царинска управа на Република Северна Македонија и Министерството за финансии и економија-Генерален директорат за Царина на Република Албанија за спроведување на Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за воспоставување на заеднички гранични премини меѓу Република Албанија и Република Северна Македонија, потпишан на 10.6.2021 година во Тирана за Меѓународниот граничниот премин Ќафасан (Република Северна Македонија)-

Ќафтане (Република Албанија) и согласно укажувањата на Секретаријатот за законодавство изнесени во расправата, го усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Протоколот помеѓу Министерството за финансии-Царинска управа на Република Северна Македонија и Министерството за финансии и економија-Генерален директорат за Царина на Република Албанија за спроведување на Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за воспоставување на заеднички гранични премини меѓу Република Албанија и Република Северна Македонија, потпишан на 10.6.2021 година во Тирана за Меѓународниот граничен премин Ќафасан (Република Северна Македонија)-Ќафтане (Република Албанија).

2. Се овластува д-р Фатмир Бесими, министер за финансии во Владата на Република Северна Македонија, да го потпише Протоколот помеѓу Министерството за финансии-Царинска управа на Република Северна Македонија и Министерството за финансии и економија-Генерален директорат за Царина на Република Албанија за спроведување на Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за воспоставување на заеднички гранични премини меѓу Република Албанија и Република Северна Македонија, потпишан на 10.6.2021 година во Тирана за Меѓународниот граничен премин Ќафасан (Република Северна Македонија)-Ќафтане (Република Албанија).

**Точка 2**

Владата го разгледа Извештајот за завршените преговори со усогласен текст на Протоколот помеѓу Министерството за финансии-Царинска управа на Република Северна Македонија и Министерството за финансии и економија-Генерален директорат за царини на Република Албанија за спроведување на Спогодбата за взаемно признавање на одобренијата за овластен економски оператор-безбедност и сигурност (ОЕОС) помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија и согласно укажувањата на Секретаријатот за законодавство изнесени во расправата на седницата, го усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Протоколот помеѓу Министерството за финансии-Царинска управа на Република Северна Македонија и Министерството за финансии и економија-Генерален директорат за царини на Република Албанија за спроведување на Спогодбата за взаемно признавање на одобренијата за овластен економски оператор -безбедност и сигурност (ОЕОС) помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија.

2. Се овластува д-р Фатмир Бесими, министер за финансии во Владата на Република Северна Македонија, да го потпише Протоколот помеѓу Министерството за финансии-Царинска управа на Република Северна Македонија и Министерството за финансии и економија-Генерален директорат за царини на Република Албанија за спроведување на Спогодбата за взаемно признавање на одобренијата за овластен економски оператор -безбедност и сигурност (ОЕОС) помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија.

**Точка 3**

Владата го разгледа Извештајот за завршените преговори за усогласениот текст на Меморандумот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија, со усогласен текст на Меморандум и согласно расправата на седницата, го усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија.

2. Го определи Благој Бочварски, министер за транспорт и врски во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Меморандумот за разбирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија.

**Точка 4**

Владата го разгледа Извештајот за завршените преговори за усогласениот текст на Спогодбата помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за делегирање на услуги во воздушниот сообраќај на дел на воздушниот простор над Охридското Езеро, со усогласен текст на Спогодба и го усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Спогодбата помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за делегирање на услуги во воздушниот сообраќај на дел на воздушниот простор над Охридското Езеро.

2. Го определи Благој Бочварски, министер за транспорт и врски во име на Владата на Република Северна Македонија да ја потпише Спогодбата помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за делегирање на услуги во воздушниот сообраќај на дел на воздушниот простор над Охридското Езеро.

**Точка 5**

Владата го разгледа Извештајот за завршените преговори за склучување на нова Спогодба помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за меѓународен воден транспорт во Охридското Езеро, со усогласен текст на Спогодба и согласно расправата на седницата го усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Спогодбата помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за меѓународен воден транспорт во Охридското Езеро.

2. Го определи Благој Бочварски, министер за транспорт и врски во име на Владата на Република Северна Македонија да ја потпише Спогодбата помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за меѓународен воден транспорт во Охридското Езеро.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на усогласените Меморандум за разбирање меѓу Министерството за надворешни работи на Република Северна Македонија и Министерството за Европа и надворешни работи на Република Албанија за соработка во областа на дигитализацијата на конзуларните услуги и Меморандум за разбирање помеѓу Министерството за надворешни работи на Република Северна Македонија и Министерството за Европа и надворешни работи на Република Албанија за соработка во областа на дипломатска обука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ги прифати усогласените текстови на Меморандумот за разбирање меѓу Министерството за надворешни работи на Република Северна Македонија и Министерството за Европа и

надворешни работи на Република Албанија за соработка во областа на дигитализацијата на конзуларните услуги и Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за надворешни работи на Република Северна Македонија и Министерството за Европа и надворешни работи на Република Албанија за соработка во областа на дипломатска обука.

2. Се овластува д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи да ги потпише Меморандумот за разбирање меѓу Министерството за надворешни работи на Република Северна Македонија и Министерството за Европа и надворешни работи на Република Албанија за соработка во областа на дигитализацијата на конзуларните услуги и Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за надворешни работи на Република Северна Македонија и Министерството за Европа и надворешни работи на Република Албанија за соработка во областа на дипломатска обука.

**Точка 7**

Владата повторно го разгледа Извештајот за извршените преговори со усогласен текст на Договор меѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за формирање заеднички работни тимови во областа на безбедноста и го усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договор меѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за формирање заеднички работни тимови во областа на безбедноста,

2. Се овластува Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи во име на Владата на Република Северна Македонија, да го потпише Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за формирање заеднички работни тимови во областа на безбедноста.

**Точка 8**

Владата го разгледа Извештајот за завршените преговори за склучување на Меморандум за разбирање помеѓу Министерството за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија и Министерството за инфраструктура и енергетика на Република Албанија во областа на дигитализацијата, со усогласен текст на Меморандум и согласно расправата на седницата, го усвои Извештајот со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија и Министерството за инфраструктура и енергетика на Република Албанија во областа на дигитализацијата.

2. Се овластува м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација, да го потпише Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија и Министерството за инфраструктура и енергетика на Република Албанија во областа на дигитализацијата.

**Точка 9**

Владата го разгледа Извештајот за завршените преговори за склучување Меморандум за соработка за прашања поврзани со интеграцијата во Европска Унија помеѓу Заменик-претседателот на Владата, задолжен за европски прашања и Главен преговарач на Република Северна Македонија и Државниот министер и Главен преговарач на Владата на Република

Албанија, со усогласен текст на Меморандум и согласно расправата на седницата, го усвои Извештајот со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за соработка за прашања поврзани со интеграцијата во Европска Унија помеѓу Заменик-претседателот на Владата, задолжен за европски прашања и Главен преговарач на Република Северна Македонија и Државниот министер и Главен преговарач на Владата на Република Албанија.

2. Со овластува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, м-р Бојан Маричиќ да го потпише Меморандум за соработка за прашања поврзани со интеграцијата во Европска Унија помеѓу Заменик-претседателот на Владата, задолжен за европски прашања и Главен преговарач на Република Северна Македонија и Државниот министер и Главен преговарач на Владата на Република Албанија.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради учество на обука во блиска воздушна поддршка со воздухоплови на вооружените сили на Соединетите Американски Држави на Армискиот полигон „Криволак“, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради учество на обука во блиска воздушна поддршка со воздухоплови на вооружените сили на Соединетите Американски Држави на Армискиот полигон „Криволак“.

**Точка 11**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Torrejon advantage 2022-2“, во Кралството Шпанија.

**Точка 12**

Владата го разгледа Извештајот за завршените билатерални преговори за склучување на Меморандум за соработка помеѓу Министерството за труд и социјална политика на Република Северна Македонија и Министерството за здравство и социјална заштита на Република Албанија за политиките на социјалната заштита и заштитата на децата и согласно расправата на седницата, го усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за соработка помеѓу Министерството за труд и социјална политика на Република Северна Македонија и Министерството за здравство и социјална заштита на Република Албанија за политиките на социјалната заштита и заштитата на децата.

2. Ја овласти м-р Јованка Тренчевска, министер за труд и социјална политика, да го потпише Меморандумот за соработка помеѓу Министерството за труд и социјална политика на Република Северна Македонија и Министерството за здравство и социјална заштита на Република Албанија за политиките на социјалната заштита и заштитата на децата.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата за усогласување на Договорот за соработка во областа на здравството помеѓу Министерството за здравство на Република Северна Македонија и Министерството за здравство и социјална заштита на Република Албанија, со усогласен текст на Договор, ја усвои Информацијата и ги донесе следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот за соработка во областа на здравството помеѓу Министерството за здравство на Република Северна Македонија и Министерството за здравство и социјална заштита на Република Албанија.

2. Го овласти д-р Беким Сали, министер за здравство, да го потпише Договорот за соработка во областа на здравството помеѓу Министерството за здравство на Република Северна Македонија и Министерството за здравство и социјална заштита на Република Албанија.

**<u>Точка 14</u>**

Владата го разгледа Извештајот за завршените преговори и за потпишувањето на Меморандумот за соработка меѓу Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија и Министерството за образование и спорт на Република Албанија за употреба на албанскиот стандарден јазик во Република Северна Македонија и во Република Албанија и Меморандум за соработка меѓу Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија и Министерството за образование и спорт на Република Албанија за примена на албанскиот знаковен јазик во Република Северна Македонија и во Република Албанија, со усогласени текстови на меморандуми и согласно укажувањата на Секретаријатот за законодавство изнесени во расправата на седницата, го усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за соработка меѓу Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија и Министерството за образование и спорт на Република Албанија за употреба на албанскиот стандарден јазик во Република Северна Македонија и во Република Албанија и на Меморандумот за соработка меѓу Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија и Министерството за образование и спорт на Република Албанија за примена на албанскиот знаковен јазик во Република Северна Македонија и во Република Албанија.

2. Се овластува д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, да го потпише Меморандумот за соработка меѓу Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија и Министерството за образование и спорт на Република Албанија за употреба на албанскиот стандарден јазик во Република Северна Македонија и во Република Албанија и Меморандумот за соработка меѓу Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија и Министерството за образование и спорт на Република Албанија за примена на албанскиот знаковен јазик во Република Северна Македонија и во Република Албанија.

**<u>Точка 15</u>**

Владата го разгледа Извештајот за завршените преговори и за потпишувањето на Програмата за соработка меѓу Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија и Министерството за образование и спорт на Република Албанија во областа на образованието и научните истражувања за периодот 2023-2026 година, со усогласен текст на Програма и согласно укажувањата на Секретаријатот за законодавство изнесени во расправата на седницата, го усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Програмата за соработка меѓу Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија и Министерството за образование и спорт на Република Албанија во областа на образованието и научните истражувања за периодот 2023-2026 година.

2. Се овластува д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, да ја потпише Програмата за соработка меѓу Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија и Министерството за образование и спорт на Република Албанија во областа на образованието и научните истражувања за периодот 2023-2026 година.

**Точка 16**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 17**

Во врска со одржувањето на заедничката седница помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Албанија, што ќе се одржи на 14 ноември 2022 година, за реализирање протоколарни активности, Владата ги донесе следните заклучоци:

1. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди две возила мини ван.

2. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да обезбеди два автобуса за превоз на Баталјонот за почести и Воениот оркестар.

**Точка 18**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за влошената финансиска состојба на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост-Скопје и барање помош за излез од истата, со дополнувања, за наредната седница на Владата.

*

*  *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 10:30 часот.

**Заменик на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**Tahir Hani**

**Прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**dr. Artan Grubi**